Наставна програма за слободен изборен предмет

# П О Е З И Ј А

за проширување, продлабочување на знаењата

од задолжителниот наставен предмет Македонски јазик

за IV, V, VI одделение

## ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

| | |
|---|---|
| **Наставен предмет** | Поезија |
| **Училиште** | ООУ„Јохан Хајнрих Песталоци“-Скопје |
| **Изготвил** | Славица Гаврилова |
| **Вид/категорија на наставен предмет** | Изборен |
| **Одделение** | IV (четврто) |
| **Теми/подрачја во наставната програма** | 1. Белзи на поезијата<br>2. Стихуваме – се радуваме<br>3. Поети - наши гости |
| **Број на часови** | 2 часа неделн/36 часа годишно – едно полугодие |
| **Опрема и средства** | Наставни листови, плакати, постери, илустрации со слики;<br>Книги – стихозбирки;<br>Списанија за деца – илустрирани, енциклопедии за деца;<br>Дигитална библиотека со книги;<br>Училишна библиотека;<br>Аудиовизуелни записи, други аудиовизуелни средства и друго;<br>Таблет, компјутер;<br>Интернет;<br>Дигитален речник на македонски литературен јазик;<br>Zoom или друга платформа за онлајн комуникација;<br>Паметна табла. |

# ПОВРЗАНОСТ СО НАЦИОНАЛНИТЕ СТАНДАРДИ

Наставната програма вклучува релевантни компетенции од следното подрачје **јазична писменост.**

| | |
|---|---|
| ***Ученикот/ученичката знае и умее:*** | |
| I-A.1 | - да ги изразува и пренесува своите мисли, чувства, информации и ставови во различни комуникациски ситуации на својот мајчин јазик преку различни медиуми и за различни цели; |
| I-A.2 | -да познава и да користи различни форми на писмено изразување: литературни (песна, краток расказ, излагање/говор, литературен есеј, дневник и др.) и нелитературни (тематски есеј, известување, барање, соопштение, реклама и др.); |
| I-A.3 | -да води критички и конструктивен дијалог, аргументирано искажувајќи ги своите ставови; |
| I-A.4 | -да го користи стандардизираниот јазик, со почитување на граматичките и правописните правила при усно и писмено изразување; |
| I-A.6 | -да ги идентификува основните карактеристики на мајчиниот јазик (азбука, историја, дијалекти итн.) и сличностите и разликите со други јазици; |
| I-A.7 | -да ги идентификува најзначајните автори и дела од литературата на мајчин јазик; |
| I-A.9 | -да разбира содржини на пишан текст: да може да ги издвои, анализира, оценува/вреднува и резимира информациите од текстот и да ги искаже усно и писмено со свои зборови; |
| I-A.10 | -да разбира визуелно прикажани содржини (дијаграми, табели и графикони, илустрации, анимации и др.), да може да ги издвои, анализира, оценува/вреднува и резимира визуелно прикажаните содржини и да ги објасни (писмено и усно); |
| I-A.11 | -да ги идентификува и анализира пораките и стилските и естетските елементи на литературните дела; |
| I-A.12 | - да користи информации од различни извори и медиуми и критички да пристапува кон нив, земајќи ги предвид изворот, контекстот, целта и веродостојноста на презентираните информации. |
| ***Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:*** | |
| I-Б.1 | -преку изучување на мајчиниот јазик се развива сопствениот јазичен и културен идентитет, а преку јазичната комуникација се пренесува културното наследство и културата на живеење; |
| I-Б.2 | -со употребата на јазикот во различни контексти и средини и во различни форми се овозможува ефикасна комуникација и интеракција (секогаш имајќи предвид со кого се остварува комуникацијата); |
| I-Б.3 | -преку читање текстови со различна содржина и структура се развива писменоста, се формира поширок поглед за себе и за светот и се поттикнува пишувањето од потреба и од задоволство; |
| I-Б.5 | -читањето и изразувањето на мајчин јазик се важни за развојот и поттикнувањето на креативноста и критичкото мислење |
| I-Б.6 | -познавањето на мајчиниот јазик е темел на учењето и стекнувањето на знаења од сите други области (наставни |

| | |
|---|---|
| | предмети); |
| I-Б.7 | - познавањето на мајчиниот јазик е еден од најважните столбови на етничкиот идентитет. |

Наставната програма вклучува и дополнителни релевантни компетенции од следните подрачја на Националните стандарди: **Дигитална писменост, Личен и социјален развој, Општество и демократска култура, Техника, технологија и претприемништво** и **Уметничко изразување и култура**.

| | *Ученикот/ученичката знае и умее:* |
|---|---|
| IV-A.7 | -да одбере и користи соодветни ИКТ-алатки за комуникација, безбедно да сподели информации, да контактира и да соработува со други на онлајн проекти, во социјални активности или за лични потреби; |
| IV-A.8 | -на безбеден и одговорен начин да ги користи дигиталните содржини, образовните и социјалните мрежи и дигиталните облаци; |
| IV-A.10 | -да се грижи за својот дигитален идентитет, безбедност и репутација и да ги почитува политиките за приватност; |
| V-A.3 | - да ги идентификува различните компоненти на сопствениот идентитет кој се гради врз основа на припадноста на различни социјални групи (на пример, родов, етнички и национален идентитет) и на различните улоги кои ги има во животот (на пример, ученик, син/ќерка); |
| V-A.4 | -да прави процена на сопствените способности и постигања (вклучувајќи ги силните и слабите страни) и врз основа на тоа да ги определува приоритетите кои ќе му/ѝ овозможат развој и напредување; |
| V-A.13 | -да комуницира со другите и да се презентира себеси соодветно на ситуацијата; |
| V-A.14 | -да слуша активно и соодветно да реагира, покажувајќи емпатија и разбирање за другите и да ги искажува сопствените грижи и потреби на конструктивен начин; |
| V-A.15 | -да соработува со други во остварување на заеднички цели, споделувајќи ги сопствените гледишта и потреби со другите и земајќи ги предвид гледиштата и потребите на другите; |
| V-A.17 | -да бара повратна информација и поддршка за себе, но и да дава конструктивна повратна информација и поддршка во корист на другите; |
| V-A.19 | -да дава предлози, да разгледува различни можности и да ги предвидува последиците со цел да изведува заклучоци и да донесува рационални одлуки; |
| V-A.21 | -да го анализира, проценува и подобрува сопственото учење; |
| VI-A.3 | -да ги формулира и аргументира своите гледишта, да ги сослушува и анализира туѓите гледишта и со почитување да се однесува кон нив, дури и тогаш кога не се согласува; |
| VI-A.5 | -да ги разбира разликите меѓу луѓето по која било основа (родова и етничка припадност, возраст, способности, социјален статус итн.); |
| VI-A.6 | -да препознава присуство на стереотипи и предрасуди кај себе и кај другите и да се спротивставува на дискриминација; |

| | |
|---|---|
| VI-A.7 | -да препознава манифестација на вербално и физичко насилство во сопственото опкружување, да ги согледува последиците од насилството и да се спротиставува на него; |
| VII-A.9 | -активно да учествува во тимска работа според претходно усвоени правила и со доследно почитување на улогата и придонесот на сите членови на тимот; |
| VIII-A.1 | -да манифестира познавање на различните форми на уметничко изразување од сите области на културата (литературата, музиката, визуелните уметности, изведбените уметности, декоративните уметности, архитектурата, дизајнот); |
| VIII-A.2 | - да ги идентификува различните манифестации на популарната култура и нивното влијание врз развојот на естетските вредности; |
| VIII-A.3 | -да ги изразува сопствените идеи, искуства и емоции, користејќи уметнички или други форми на креативно изразување (индивидуални или колективни); |
| VIII-A.4 | -да ги интерпретира идеите, искуствата и емоциите изразени во уметничките продукти креирани од други кои се припадници на сопствената или на други култури; |
| VIII-A.5 | -да манифестира познавање на сопствената култура и на различните начини на нејзино изразување преку литературата и визуелните уметности, музиката и танците, градбите и другите културни продукти. |
| | ***Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:*** |
| IV-Б.1 | -дигиталната писменост е неопходна за секојдневното живеење – ги олеснува учењето, животот и работата, придонесува за проширување на комуникацијата, за креативноста и иновативноста, нуди разни можности за забава; |
| IV-Б.4 | -во дигиталниот простор е важно да се обезбеди заштита на идентитетот, приватноста и емоционалната сигурност, да не се користи говор на омраза и кибернасилство и да се почитуваат правилата и нормите на комуницирање во дигиталните заедници; |
| IV-Б.6 | - мора да се почитува правото на интелектуална сопственост на продуктите достапни на дигиталните мрежи; |
| V-Б.2 | - осознавањето на сопствениот идентитет придонесува за јакнење на самодовербата и за развојот на личноста; |
| V-Б.3 | -сопствените постигања и добросостојба во најголема мера зависат од трудот кој самиот/самата го вложува и од резултатите кои самиот/самата ги постигнува; |
| V-Б.4 | -секоја постапка која ја презема има последици по него/неа и/или по неговата/нејзината околина; |
| V-Б.7 | -иницијативноста, упорноста, истрајноста и одговорноста се важни за спроведување на задачите, остварување на целите и за надминување на предизвиците во секојдневните ситуации; |
| V-Б.8 | -интеракцијата со другите е двонасочна – како што има право од другите да бара да му/ѝ биде овозможено задоволување на сопствените интереси и потреби, така има и одговорност да им даде простор на другите да ги задоволат сопствените интереси и потреби; |
| V-Б.9 | -барањето повратна информација и прифаќањето конструктивна критика водат кон личен напредок на индивидуален и социјален план; |

| | |
|---|---|
| VI-Б.1 | -не смее да прави дискриминација врз основа на разликите меѓу луѓето (родова и етничка припадност, возраст, способности, социјален статус, сексуална ориентација итн.); |
| VI-Б.6 | - личниот ангажман и соработката со другите се битни за остварување заеднички јавен интерес; |
| VII-Б.4 | -работната етика, културната чувствителност и односот кон другите се значајни за креирање и одржување позитивна работна клима; |
| VIII-Б.1 | -уметноста и другите форми на културно изразување придонесуваат за разбирање и менување на светот; |
| VIII-Б.2 | - критичкиот однос кон различните продукти на уметноста е битен за развивање на индивидуалните и општествените естетски вредности; |
| VIII-Б.3 | - почитувањето и промовирањето на сопствената култура придонесува за јакнење на културниот идентитет и дигнитет. |

## РЕЗУЛТАТИ ОД УЧЕЊЕ

Подрачје 1: ***БЕЛЕЗИ НА ПОЕЗИЈАТА***

Вкупно часови: **10**

***Знаења и вештини:***

- Идентификува поезија (поетски текст);
- Именува поет/поетеса;
- Определува стих, број на строфи, римува зборови, објаснува за што се пее во песната (мотив во песната);
- Споредува строфични и нестрофични песни;
- Разликува видови песни според содржината (пејзажни, родољубиви, љубовни);
- Дискутира на определена тема по слушнат поетски текст (објаснува зошто е поезија, погодува број на сторфи, број на стихови во строфа; пронаоѓа зборови кои се римуваат, ја објаснува содржината на песната (определува видот на песната според мотивот).
- Опишува басна во стих и гатанка во стих;
- Воочува стилски фигури во поезијата (епитет, анафора, епифора);
- Прави разлика помеѓу народна и уметничка песна;
- Диференцира народен јазик (дијалекти) наспроти литературен македонски јазик;
- Открива значење на непознати зборови од Дигиталниот речник на македонскиот јазик;
- Ја подобрува ефикасноста во читањето течно, на глас и напредува во способноста изразно да рецитира;
- Заклучува дека поезијата е уметност.

***Ставови и вредности:***

- Негува позитивен став кон позијата како уметност;
- Сфаќа дека читањето поетска лична творба е начин на изразување кое поттикнува позитивни чувства и кај читателот и кај слушателот;
- Изразува љубов кон мајчиниот јазик преку поетската творба.

| Содржини (и поими) и број на часови | Примери на активности |
|---|---|
| **Литературни текстови пишувани во стихови**<br><br>(стихотворба/песна, стихозбирка, поетско творештво, поет/поетеса, стих, строфа, рима, мотив – повторување на наведените поими, строфични и нестрофични песни, басна во стих, гатанка во стих, видови песни: народни и уметнички, пејзажни, родољубиви, хумористични песни)<br><br>**4 часа** | • Наставникот покажува два текста, прозен и поетски и разговара со учениците низ кој тие треба да ги препознаат и именуваат видовите текстови.<br>• Учениците добиваат насока внимателно да слушаат додека наставникот изразно чита поетски литературен текст кој е извадок од стихозбирка. Се води дискусија за карактеристиките на поетското дело. На крајот учениците набројуваат поетски дела кои им се познати и именуваат поет/поетеса.<br>• Преку работа во групи учениците издвојуваат и посочуваат клучни зборови и фрази поврзани со главната идеја во литературни поетски творби на различни теми, на даден поетски текст, мотив во песната.<br>• Учениците слушаат аудио запис од рецитација на песна од Интернет. Се поттикнуваат на разговор по слушаните поетски теми, разговараат во група и водат дијалог за нив.На крајот резимираат за песната и пишуваат план.<br>• Учениците добиваат наставен лист на кој се дадени строфични и нестрофични песни, ги откриваат нивните карактеристики, стих, строфа и белина. Го илустрираат истото на посебен лист и ги закачуваат изработките.<br>• Поделени во групи учениците читаат стихотворби и разговараат за структурата на песната која ја читаат: строфи и стихови. Потоа самостојно ги изделуваат зборовите кои звучно се совпаѓаат. (За поголемо внимание и забава на учениците песните нека содржат нон-сенс хумор (со бесмислени стихови, без да се навлегува во граматичката подреденост на зборовите.) Како предлог може да се земат песни од Стојан Тарапуза и Ненад Џамбазов.<br>• Со учениците се изведува вежба за откривање на рима во понудени поетски текстови. За секој пример некој прави усно резиме на пронајдените рими.<br>• Наставникот покажува маски од животни и учениците треба да ги препознаат и да објаснат во кои текстови се среќаваат животните како ликови. Преку работа во групи запишуваат имиња на познати басни. Наставникот им дава наставен лист со напишани басни во стихови. Учениците заеднички ги откриваат елементите на басните во стих. Истиот процес на анализа се изведува и со гатанките во стихови. На |

| | |
|---|---|
| | крајот од часот учениците изработуваат т-табела на сличности и разлики помеѓу басна и гатанка во стих и дискутираат за тоа.<br>• Учениците се поделени во три групи. Секоја група си влече плико во кое има една од видовите песни (пејзажна, родољубива, љубовна). Секоја група прави анализа на содржината на извлечената песна и треба да ги презентира заклучоците за видот на песната. Наставникот им дава по еден ребус и преку негово решавање го добиваат видот на песната. Секој ученик добива задача да пронајде по една песна од откриениот вид. На крајот пронајдените песни се споделуваат на часот.<br>• Учениците се делат во три „експертски" групи. Сите групи добиваат по една песна со различен мотив (пејзажна, родољубива и хумористична) и секоја група го идентификува мотивот - ја анализира песната, покажувајќи и објаснувајќи зошто е песната од тој вид, пронаоѓа и објаснува за стихови, строфи и рима.<br>• Учениците се ставаат во проблемска ситуација - да препознаваат дијалектен говор по слушната песна. Она што го пронаоѓаат го споделуваат пред одделението и ги објаснуваат примерите.<br>• Учениците слушаат македонска народна песна и дискутираат по истата (пронаоѓаат непознати зборови – дијалектизми и истите ги објаснуваат пребарувајќи во Дигитален речник). |
| **Изразно читање на глас и рецитирање**<br><br>(изразно читање и рецитирање поезија, пауза;<br><br>**2 часа** | • Секој ученик треба да прочита по една песна на глас, течно и јасно во согласност со читачката и јазичната возраст, усогласено со видот и природата на песната. Притоа наставникот посочува читањето да биде изразно во однос на реченичната интонација, т.е. ги препознава интерпункциските знаци и „звуковно" да ги толкува, го интонира секој стих. Учениците читаат и си даваат меѓусебе повратна информација.<br>• Наставникот поттикнува разговор по прочитана поетска тема, учениците дискутираат во група водат дијалог по прочитаната поетска творба. Дијалогот се одвива според даден план, а учениците прават белешки според нив и ги споделуваат.<br>• Игра „Ловец на грешки": Еден ученик чита песна по избор, а останатите ученици го следат и ги „ловат" направените грешки при читањето. Посочуваат на грешките и нудат соодветно решение – поправање за нив.<br>• Учениците, поделени во парови, дискутираат за рецитирање на меморирана песна и се самооценуваат.<br>• Неколку ученици раскажуваат за сопствените доживувања и искуства од читање книги-поезија на членови од семејството. |
| **Стилски фигури во поезијата** | • Учениците ја играат играта „Кој збор ме опишува", во која за добиени именки |

| | |
|---|---|
| (епитет, анафора, епифора, споредба во песната)<br>**3 часа** | запишуваат описни придавки. По презентацијата на зборовите се води дискусија за значењето на придавките за збогатување на сликовитоста на песните. Така се открива епитетот во песните. Потоа се прави анализа на песната „Земјо моја“ од Ненад Џамбазов, во која воочуваат и ги идентитфикуваат епитетите со кои се опишани убавините на нашата татковина при што се објаснува поимот епитет.<br>• Учениците ја читаат и дискутираат за песната „Таму е нашата река“ од Петре М. Андреевски во која треба да го препознаат повторувањето на исти зборови во почетокот на два или повеќе последователни стиха. Истата активност се изведува и на народната песна „Ој луле“, каде треба да го откријат повторувањето на исти зборови на два или повеќе последователни зборови на крајот од стиховите. На крајот прават секој индивидуално план за она што го слушнале и дискутирале на часот.<br>• Учениците добиваат задача да донесат лични творби кои ги создале во предходните одделенија. Во нив треба по објаснувањето од наставникот да ги откријат споредбите кои ги напишале со што би ја пронашле компарацијата, без да ја именуваат и дефинираат како компарација. Примерите ги истакнуваат на едно катче одделенео за тоа. |
| Пишување стихови со почитување на правопсини знаци<br>**1 час** | Учениците работат во две групи. Секоја од групите добива различна задача: првата група добива песна во која нема интерпункциски знаци, воочува дека недостасуваат знаци и откако ќе ја прочитаат на глас ќе согледаат дека секој различно ја чита песната. Потоа ги вметнуваат потребните интерпункциските знаци.<br>Втората група ја добива истата песна со напишани интерпункциски знаци и при читањето настојува да ги почитува. Учениците воочуваат дека разликите во читањето на песната од втората група се многу мали.<br>• Учениците ги анализираат сопствените творби и откриваат погрешно напишани зборови и направени правописни грешки во личните творби. Грешките и поправките се запишуваат на таблата. |

# РЕЗУЛТАТИ ОД УЧЕЊЕ

Подрачје 2: ***СТИХУВАМЕ – СЕ РАДУВАМЕ***

Вкупно часови: **16**

***Знаења и вештини:***

- Соработува со членовите на групата и иницира решенија на поставените задачи;
- Демонстрира изразно читање поезија, со правилна дикција, интонација и паузи;
- Анализира поетско творештво од македонски поети и интерпретира песни;
- Создава песни на зададена и на слободна тема;
- Ги запишува своите чувства во поетска форма;
- Се залага за изразно рецитирање на поезија;
- Уредува и дизајнира стихозбирка/книга на одделението.

***Ставови и вредности:***

- Разбира дека поезијата е значаен дел од литературното творештво кој треба да се негува;
- Поезијата поттикнува формирање поширок поглед за себе во процесот на творење;
- Развива афинитет за творење стихови;
- Пишувањето поезија е задоволство и посебен начин на изразување.

| **Содржини (и поими) и број на часови** | **Примери на активности** |
| --- | --- |
| **Создавање кратки поетски текстови**<br>(опис, чувство, поетска слика)<br><br>**12 часа** | • Се води дискусија преку која учениците искажуваат чувства за различни сопствени доживувања и искуства од секојдневието. Преку заедничка активност за создавање на рима учениците се мотивираат за пишување лична творба на тема по избор со дадени насоки (предлог: да има две строфи од по најмалку два стиха, првата со рима, втората без рима, да употребат најмалку две стилски фигури (епитет, анафора, епифора, споредба), стиховите да се поврзани во целина.Напишаното се чита на глас.<br>• Проектна активност: учениците заедно пишуваат песна за игра во паркот. Добиваат илустрација од парк со деца кои си играат, ја опишуваат илустрацијата и создаваат песна по дадени насоки, број на строфи, стихови во строфа, употреба на рима. Напишаното го читаат пред паралелката. |

| | |
|---|---|
| | • Учениците читаат / создаваат хумористични песни за животни и разговараат зошто тоа/тие животно/животни ги одбрале и што сакале да претставaт со хумористичните елементи (да ги опишат негативните карактеристиките на луѓето преку ликот на животните кои се исмеани во творбата).Напишаното се чита и за истото наставникот дава повратна информација.<br>• Учениците пишуваат заедничка песна применувајќи техника „Вртелешка". Секој ученик допишува по еден стих во песната и добиваат заеднички напишана песна.<br>Учениците слушаат интерпретативно читање стихотворба, претходно насочени да внимаваат на начинот на истакнување на некои места во текстот, а потоа разговараат во паралелката за овие звуково истакнати зборови кои се совпаѓаат и за начините на кои се постигнало тоа (откривање на начинот на создавање на римата).<br>• Учениците активно ја слушааат интерпретацијата на песна „Носот на снешко" https://www.youtube.com/shorts/H-_whrvtp00 и песната „Зима" https://www.youtube.com/watch?v=cF4YHe_qAr0 од аудио запис, за поттикнување на мотивација и творештво на тема „Новогодишна желба" и создаваат своја песна со дадени насоки (број на стихови, строфи, рима, стилски фигури). Напишаното се споделува и се прават посебни изработки со песните кои се изложуваат во холот. |
| **Анализа на создадени песни**<br><br>**4 часа** | • Учениците изработуваат книги на одделението, ги илустрираат и дизајнираат корица за секоја книга што заеднички ја изработиле.<br>• Учениците од своите прочитани и анализирани лични твоби изработуваат своја рачно направена стихозбирка со свои песни со вметнати илустрации во неа. |

## РЕЗУЛТАТИ ОД УЧЕЊЕ

Подрачје 3: ***ПОЕТИ – НАШИ ГОСТИ***

Вкупно часови: **10**

*Знаења и вештини:*

- Препознава дела од автори;
- Илустрира стихови, изработува дизајн според стиховите;
- Критички разгледува одржани културни настани и порака од посетен културен настан;

- Открива, проценува и користи информации од различни медиуми;
- Предлага идеи за организирање културен настан;
- Ја евалуира сопствената и работата на својата група.

*Ставови и вредности:*

- Ја доживува книгата како важен фактор за интелектуален и креативен развој на личноста;
- Ја разбира важноста на македонското поетско творештво;
- Поддржува културни настани и литературни натпревари;
- Заклучува дека поезијата поттикнува критичко мислење и креативност.

| **Содржини (и поими) и број на часови** | **Примери на активности** |
|---|---|
| **Средби со домашни и странски поети**<br><br>**6 часа** | • Учениците добиваат песни за овошје и зеленчук од авторот Филип Димковски и секој ученик според добиената песна изработува маска за драматизација на истата.<br>• Наставникот организира гостување на автори-поети, кои зборуваат за својата професија, сопствената мотивација да станат поети, читаат од своите творби и разговараат за поезијата и поетското творештво.<br>• Учениците ги изнесуваат своите впечатоци за слушнати песни и литературни разговори со поети и дискутираат за нив.<br>• Учениците читаат свои песни пред автори – гости, учествуваат во дискусии, поставуваат прашања за мотивите и начинот на раѓањето на една песна. За сето тоа прават белешки кои ги стилизираат и објавуваат на посебен лист на посебно катче.<br>(Средбите се документираат од страна на наставникот со фотографии и видео снимки и може да бидат објавени на некои медиуми.) |
| **Културни настани**<br><br>(поетско читање, литературна средба, културен настан, Месец на книгата )<br><br>**4 часа** | • Учениците пронаоѓаат информации од различни медиуми за поезијата и најзначајните културните настани во нашата земја и пошироко.<br>• Со учениците се водат дискусиии за содржината и идејата на културни настани на кои присуствувале.<br>• Учениците присуствуваат на литературно читање по повод „Месецот на книгата“.<br>• Учениците посетуваат саем на книгата и искажуваат впечатоци по изведената посета.<br>• Во присуство на поканети гости од литературен клуб се прави презентација на изработените одделенски книги и се читаат личните творби. |